РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ИЗГРАДБА НА

МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД – ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ , КО МЕЧКУЕВЦИ

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТЕХ.БР. F0221

Mila Iskrenovikj
Digitally signed by Mila Iskrenovikj
DN: c=MK, ou=VAT - 4030999378405, 2.5.4.97=NTRMK-5367131, o=Tekton dooel Skopje, serialNumber=172272, title=Upravitel, sn=Iskrenovikj, givenName=Mila, cn=Mila Iskrenovikj
Date: 2022.10.26 12:27:49 +02'00'

Zoran Iskrenovikj
Digitally signed by Zoran Iskrenovikj
DN: c=MK, serialNumber=172275, sn=Iskrenovikj, givenName=Zoran, cn=Zoran Iskrenovikj
Date: 2022.10.26 12:30:33 +02'00'

Aleksandar Gjorgiev
Digitally signed by Aleksandar Gjorgiev
DN: c=MK, serialNumber=169936, sn=Gjorgiev, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Gjorgiev
Date: 2022.10.26 12:29:43 +02'00'

ОКТОМВРИ 2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ИЗГРАДБА НА

МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД – ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

КО МЕЧКУЕВЦИ
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ДОНЕСУВАЧ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

ИЗРАБОТУВАЧ: **АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

ДИРЕКТОР: **м-р. Андријана Андреева, дипл.инж.арх.**

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2022.10.19 09:35:43 +02'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **F0221**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ИЗГРАДБА НА

МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД – ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

КО МЕЧКУЕВЦИ
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИЗРАБОТУВАЧ: АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ:
м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0382

Julijana Stavrevski
Digitally signed by Julijana Stavrevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030005576521, 2.5.4.97=NTRMK-6067441, o=Agencija za planiranje na prostor, serialNumber=183189, title=Rakovoditel na sektor za urbanisticko planiranje, sn=Stavrevski, givenName=Julijana, cn=Julijana Stavrevski
Date: 2022.10.18 15:04:08 +02'00'

РАКОВОДИТЕЛ НА УПр. И ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
Иван Арсовски, дипл.инж.арх.
број на овластување *0.0395*

Ivan Arsovski
Digitally signed by Ivan Arsovski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030005576521, o=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT, ou=AGENCIJA ZA PLANIRANJE NA PROSTOROT-4030005576521, givenName=Ivan, sn=Arsovski, serialNumber=CRT3614632, cn=Ivan Arsovski
Date: 2022.10.18 14:49:16 +02'00'

ПЛАНЕРИ:
Петар Манев, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0013
Билјана Темелковска, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0484
Боро Петковски, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0392

водоводна и канализациона инфраструктура:
м-р Соња Георгиева - Депинова, дипл.град.инж.
број на овластување 2.0606
енергетска и комуникациска инфраструктура:
Благој Јанков, дипл.ел.инж.
број на овластување 4.0115
животна средина и природно наследство
м-р Весна М. Димишковска, дизжс
дипл.инж.заш.жив.сред.
природни карактеристики:
м-р Звонко Бошев, дипл.географ

НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК:

сообраќајна инфраструктура:
Ристо Андреевски, дипл.град.инж
број на овластување 2.1180

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ИЗГРАДБА НА

МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД – ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

КО МЕЧКУЕВЦИ
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.ТЕКСТУАЛАН ДЕЛ

1. ВОВЕД 6
2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ 8
   - 2.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект 8
   - 2.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градежната парцела 10
3. НАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА 21
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 21
   - 4.1. Сообраќајна инфраструктура 21
   - 4.2. Водостопанска инфраструктура 27
   - 4.3. Електро-енергетска и електронско-комуникациска инфраструктура и надворешно осветлување 30
   - 4.4. Гасоводна инфраструктура 31
5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕ НА БАРИЕРИ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ 34
   - 5.1. Мерки за заштита на културното наследство 34
   - 5.2. Мерки за заштита на животна средина 35
   - 5.3. Мерки за заштита на природата 38
   - 5.4. Мерки за заштита и спасување 39
   - 5.5. Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност 49
6. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА 49
7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА 50
8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ 58
   - 8.1. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура 68

8.2. Посебни услови за градба од доменот на водостопанската инфраструктура.....69
8.3. Посебни услови за градба од доменот на електроснабдувањето, надворешното осветлување и електронските комуникации.....70
8.4. Посебни услови за градба од доменот на гасоводната инфраструктура.....71

2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

2.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

3. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

01 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ.....1:1000
02 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ПАРТЕРОТ И ЗЕЛЕНИЛОТО.....1:1000
03 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ВНАТРЕШЕН И СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ.....1:1000
04 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ЕЛЕКТРОНСКО-КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА.....1:1000
05 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА И ТОПЛОВОДНА МРЕЖА.....1:1000
06 УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ГАСОВОДНАТА МРЕЖА.....1:1000

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВОВЕД

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад, лоцирана во општина Свети Николе, КО Мечкуевци, општина Свети Николе е документ кој се изработува врз основа на Годишната програма за финасирање на изработка урбанистички планови за 2021 година (Сл. Весник на РСМ бр. 15/21, 107/21 и 258/21), подточка 17 од Точка III и Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година (Сл. Весник на РМ број 33/22) подточка 11 од Точка III.

Видот на урбанистички план-проект пороизлегува од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ број 32/20), како и подзаконскиот акт - Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ број 225/20), а според потребите на државниот орган кој е нарачател на документот.

Урбанистичкиот проектен концепт разработен со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е поставен врз основа на постојната состојба, планска документација од повисоко ниво (Просторен план на РМ 2002-2020), како и студиите и проектната документацијата доставена од нарачателот (Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање).

Овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план претставува дел од „Проектот за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и северо-источниот регион на Република Северна Македонија“.

Локацијата за којашто се изработува предметниот Урбанистички проект е веќе дефинирана со Физибилити студија за изведба на интегриран и самоодржлив систем за менаџирање со отпад во источниот и северо-источниот регион (тех.бр. 12-9539/1) и е разработена до ниво на Основен проект.

Урбанистичкиот проект ја следи стратегијата за управување со цврст отпад и кој предвидува воспоставување на мрежа од 5-7 регионални депонии. Предвиден е систем од една централна постројка за управување со отпад (ЦПУО) и шест локални постројки за управување со отпад (ЛПУО) во шест други општини.

Вкупниот број на општини за кои е планиран да ги опслужува овој систем за управување со отпадот изнесува 18 општини. Шест (6) од нив припаѓаат на северо-источниот плански регион, единаесет (11) припаѓаат на источниот плански регион, додека една (1) општина припаѓа на Вардарскиот плански регион.

Вардарски плански регион:
- Општина Свети Николе (со изградба на ЦПУО)

Северо-источен плански регион:
- Крива Паланка
- Ранковце (со изградба на ЛПУО)
- Кратово
- Старо Нагоричане
- Куманово (со изградба на ЛПУО)
- Липково

Источен плански регион:
- Берово (со изградба на ЛПУО)
- Пехчево
- Делчево
- Македонска Каменица (со изградба на ЛПУО)
- Виница (со изградба на ЛПУО)
- Кочани
- Зрновци
- Чешиново-Облешево
- Пробиштип
- Карбинци
- Штип (со изградба на ЛПУО)

Решенијата од проектот предвидуваат предложениот систем за одлагање на отпад да опслужува население од околу 370 000 жители, со генерирано количество отпад од 112 094 тони годишно.

Проектниот опфат за Централната постројка за управување со отпад е со површина од 29,538ха и е дефиниран со Проектна програма која е одобрена од страна на нарачателот на урбанистичката проектна документација.

Подрачјето на проектниот опфат се наоѓа во КО Мечкуевци, општина Свети Николе.

За предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план не се утврдува плански период.

Основа за изработка на урбанистичките решенија за предметната намена во рамки на дефинираниот проектен опфат ќе бидат:

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога со бр.0813-13391/1г. од 03.11.2020г. изработен од Агенција за катастар на недвижности,
- увид на лице место од страна на стручни лица,
- Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y25321,
- Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 1561/2021 од 20-10-2021г.

- Проектна програма заверена од Министерство за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министрство за транспорт и врски (арх.број: 21-991/2 од 10 февруари 2022г.),
- податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку сервисот е-урбанизам постапка бр. 37802 и 37804:
  https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/planner/detail/1041/37802
  https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/planner/detail/1041/37804
- Идеен проект за Депонија во Свети Николе (тех.бр. 12-9539/1),
- Физибилити студија за изведба на интегриран и самоодржлив систем за менаџирање со отпад во источниот и северо-источниот регион (тех.бр. 12-9539/1),
- Студија за оцена на влијание врз животната средина (тех.бр. 12-9539/1),
- Хидролошка студија „Анализа на еден и 24-часовните интензитети на врнежи и нивно влијание врз централната постројка, општина Свети Николе која се наоѓа во КП 1084/1, КО Мечкуевци“ (арх. Бр. 05-14-2021г.), како и
- Документационата основа на овој проект која е негов составен дел.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

2.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад е лоцирана во општина Свети Николе.

Локалитетот се наоѓа на Исток од градот Свети Николе кој е одалечен околу 12км, а на Запад од градот Пробиштип со одалеченост од околу 11км. Најблиските населени места се село Мечкуевци кое се наоѓа западно од локалитетот на воздушно растојание од 1500 метри и село Куково кое се наоѓа источно од локалитетот на воздушно растојание од околу 1800 метри.

Локалитетот е поврзан на државната патна мрежа преку Регионалниот пат Р2236 (Свети Николе, врска со А4 – Мечкуевци – Пуздерци - Неокази, врска со Р1205).

Површината на проектниот опфат изнесува 295385.0795м^2 или 29,538 хектари.

Проектниот опфат е во рамки на дел од КП 1084/1, КП 2033, дел од КП 2035, дел од КП 2032/2, дел од КП 282/1, КП 1096/2, КП 1097/2, КП 1098/1, КО Мечкуевци, општина Свети Николе и е дефиниран како затворена линија со прекршочни точки (X,Y) и тоа:

ПОВРШИНА: 295385.0795м^2
ПЕРИМЕТАР: 2800.7103м'

р.б.	X	Y
1.	7590541.3349	4641999.2880

bulge 0.1035
center X=7590575.6619 Y=4642102.6106
radius 108.8757
start angle 252
end angle 275

2.	7590585.6321	4641994.1924

bulge 0.1035
center X=7590575.6648 Y=4642102.5794
radius 108.8443
start angle 275
end angle 299

3.	7590628.2505	4642007.2807

bulge 0.0280
center X=7590517.4443 Y=4642201.0638
radius 223.2260
start angle 300
end angle 306

4.	7590649.2125	4642020.8777

bulge 0.0000
center X=7373253.6489 Y=4950918.9670
radius 377728.5541
start angle 305
end angle 305

5.	7590662.1640	4642029.9931
6.	7590799.3562	4642126.5550

bulge 0.0107
center X=7590001.7462 Y=4643277.1542
radius 1400.0215
start angle 305
end angle 307

7.	7590847.9192	4642161.7836

bulge 0.0094
center X=7590433.3254 Y=4642701.0332
radius 680.2045
start angle 308
end angle 310

8.	7590867.8778	4642177.7337

bulge 0.0092
center X=7590416.3441 Y=4642721.4825
radius 706.7853
start angle 310
end angle 312

9.	7590887.6038	4642194.7381
10.	7590902.9062	4642177.6342

bulge -0.0100
center X=7590484.6008 Y=4642643.8736
radius 626.3853
start angle 312
end angle 310

11.	7590883.9257	4642161.2784
12.	7590857.2227	4642136.3550

bulge -0.0322
center X=7590808.6856 Y=4642186.7946
radius 70.0000
start angle 314
end angle 307

13.	7590850.3431	4642130.5394

bulge -0.0079
center X=7590025.0516 Y=4643245.0291
radius 1386.7925
start angle 307
end angle 305

14.	7590814.5416	4642104.8979
15.	7590997.7616	4642023.1256
16.	7590991.3300	4642000.0700
17.	7590987.8300	4641994.6200
18.	7590977.9100	4641973.6700
19.	7590973.6800	4641970.5200
20.	7590970.3700	4641968.0500
21.	7590943.7000	4641955.2900
22.	7590933.7200	4641936.0200
23.	7590935.3200	4641921.1300
24.	7590921.7000	4641860.3100
25.	7590923.9600	4641825.7900
26.	7590899.9100	4641797.9200
27.	7590870.2500	4641789.8400
28.	7590866.8200	4641778.0700
29.	7590874.8800	4641769.7500
30.	7590877.5200	4641729.6300
31.	7590876.8000	4641714.5700
32.	7590862.0500	4641696.9000
33.	7590851.3200	4641690.8300
34.	7590823.2600	4641644.9900
35.	7590821.0000	4641622.9000
36.	7590836.2300	4641605.8600
37.	7590827.9700	4641586.8600
38.	7590811.2000	4641585.4100
39.	7590801.5400	4641576.8400
40.	7590799.9400	4641554.6100
41.	7590814.6100	4641511.3900
42.	7590801.2000	4641482.6600
43.	7590798.0700	4641458.7100
44.	7590804.7400	4641413.0800
45.	7590804.6532	4641393.2024
46.	7590769.7000	4641427.2300
47.	7590743.6800	4641430.9100
48.	7590724.7300	4641456.3200
49.	7590704.2100	4641455.5200
50.	7590693.5200	4641476.5100
51.	7590680.3400	4641479.9000
52.	7590650.7400	4641500.4100
53.	7590638.1400	4641500.2500
54.	7590621.4500	4641502.3700
55.	7590587.5500	4641515.4900
56.	7590579.2700	4641524.2500
57.	7590560.5300	4641530.2900
58.	7590548.6300	4641546.4600
59.	7590531.7900	4641554.5400
60.	7590493.3900	4641562.8300
61.	7590482.6500	4641574.3800
62.	7590445.2700	4641584.5700
63.	7590384.0900	4641574.0000
64.	7590334.7600	4641580.0900
65.	7590315.0500	4641573.5500
66.	7590302.7700	4641561.9000
67.	7590281.5300	4641556.7800
68.	7590213.3300	4641554.1400
69.	7590199.7483	4641548.0292

70.	7590178.0789	4641608.8759
71.	7590512.8467	4642012.3213

bulge 0.0485
center X=7590594.1829 Y=4642152.4547

radius 162.0276
start angle 240
end angle 251

нај	X	Y
источна	7590997.7616	4642023.1256
северна	7590887.6038	4642194.7381
западна	7590178.0789	4641608.8759
јужна	7590804.6532	4641393.2024



(Граница на проектен опфат со географски најодалечени точки)

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 71, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

2.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за градежната парцела

Согласно барањата од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање преку потпишаната Проектна програма треба да се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад, лоцирана во општина Свети Николе, КО Мечкуевци, општина Свети Николе. Депонијата претставува комплекс од градби од државно значење.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува П(опфат)=29,538ха (295385.0795м^2), вкупната површина на дефинираната градежна парцела со овој урбанистички проект изнесува

П(градежна парцела)=22,320ха (223207.6450м^2) во чиишто рамки се утврдуваат површините за градење.

Содржините и нивната поставеност се утврдени врз основа на важечките прописи и стандарди за овој вид на објекти и истите се соодветно вградени во Урбанистичкиот проект.

Локацијата каде се формира градежна парцела ГП1.1 е предмет на овој урбанистички проект за изградба на градби со намена Е3.1 – Регионална депонија за одлагање на неопасен отпад.

Согласно Проектната програма со овој Урбанистички проект потребно е да се дефинираат архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби во рамките на предметната градежна парцела, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планираните градби, содржините кои не претставуват градба, како и потребната инфраструктурата за непречено функционирање.

Видови на градби, дополнителни содржини и инфраструктура:

Инфраструктура на депонијата

- Влезна капија
- Административна зграда
- Колска вага и Објект на колската вага
- Единица за миење на тркала
- Резервоар за вода
- Работилница
- Зелена точка (настрешница)
- Простор за земање мостри
- Паркинг простор 1
- Паркинг простор 2
- Депониска ќелија 1
- Место за проширување на депонијата
- Ќелија 1 обиколен пат
- Депонија внатрешен пат
- Зона за заштита од пожар
- Зона за садење на дрвја долж периметарот (зелен појас)
- Периметарска ограда

Управување со исцедокот

- Систем на цевки за собирање на исцедок (DN315, DN355, DN450, DN500)
- Шахта за системот за собирање на исцедок – бетонска префабрикувана (DN1800)
- Кран за испумпување на исцедок – HDPE, неперфорирана DN710
- Цефки за изпуштање – HDPE, неперфорирани DN125
- Точки за испуштање – челен ѕид од префабрикуван бетон

Мониторинг на подземните води

- Дупнатина за мониторин на подземните води (м.н.в.590,36)

Мониторинг на биогасот

- Дупнатина за мониторинг на биогасот

- Подстаница
- Горилник

Управување со атмосферските води

- Канал за атмосферска вода
- Бетонска цевка
- Бетонски бунар
- Престилка

Градби за преработка на отпадот

- Постројка за рециклирање на материјали
- Метален хангар за зреење на бразгите отпад
- Бразди отпад за компостирање – Зелен отпад
- Бразди за зреење
- Бразди отпад за компостирање
- Хангар за рафинирање
- Постројка за МБТ (механички-биолошки третман)
- Биофилтер
- Хангар за прием
- Прием / Дробење / Зреење / Рафинирање на зелен отпад
- Зграда за септичка јама и дополнителна опрема
- Реактори и базени за третман
- Базен за израмнување и базени за згуснување на милта

Технолошки процес на депонијата, активности кои се одвиваат во и вон градбите

Сите постројки во Централната Постројка за Управување со Отпад (постројка за сортирање, МБТ, постројка за компостирање, собирни центри и депонија) ќе користат заеднички објекти и инфраструктура, односно влезна порта, вага, ограда, внатрешен пат, надворешно осветлување, противпожарна единица итн.

За поставување на сите објекти ќе биде потребна површина од околу 35.000 m2.

Постројка за МБТ (механички-биолошки третман)

Отпадот кој влегува во Постројката за МБТ директно е приклучен на системот за собирање. Мешаниот комунален цврст отпад, со исклучок на материјалите за рециклирање кои ќе се соберат одделно, се внесуваат во постројката за МБТ. Количеството на мешан отпад изнесува 75,130 t согласно дизајнот на оваа постројка, оперативна над 260 денови годишно, во две смени од по 7 часови, што значи 289 тони/ден или околу 20,6 тони/час. Аерацијата на биоразградливата фракција ќе се врши 365 дена во годината, 24 часа на ден.

МБТ/постројката за биостабилизација ќе биде сместена во метална градба од приближно 600 m2, со бетонски под. Бразгите за компостирање ќе окупираат приближно 6.000 m2, додека вкупната потребна површина изнесува 23.000 m2.

Област за биостабилизација

Предложената постројка, преку линијата за механичка селекција (шредер, а потоа и скрининг) и биолошко компостирање може да обезбеди пред - третман на сувата фракција и

компостирање на влажната фракција, со исклучително намалување на влијанието врз животната средина од финалното отстранување на депонија.

Постројката за третман на отпадот продолжува со сепарација на сувата и влажната фракција од комуналниот цврст отпад и финализирање со компостирање на влажната фракција со производство на производ сличен на компост.

Комуналниот цврст отпад кој пристигнува во постројката мора веднаш да биде подготвен за работната фаза за компостирање во бразди: отпадот се ситни до парчиња од приближно 80 mm. По сепарацијата на обоените метали, она што се собира под ситото оди на компостирање, а она што останува над ситото директно се испраќа на депонијата.

Откако е подготвен, влажниот дел се префрла на браздите за компостирање со примена на товарач со тркала и се става во позиција над цевките за проветрување.

Технологијата за компостирање е претходник на реализацијата на фазата на био-оксидација со внесување на воздух во материјалот поставен под браздите за компостирање кои се користат за да го ограничи отпадот и да се избегне емисија на мирис.

Димензиите на секоја бразда се приближно 50 x 8 метри. Вкупната висина на браздите е приближно 2,5 метри. Вкупниот волумен е приближно 800 m3.

Бројот на бразди за компостирање потребен за биолошки третман на влажната фракција е 8, додека потребни ќе бидат 3 бразди за созревање на третираната фракција.

Главните елементи на комплетниот систем за компостирање се:

- Бетонски ѕидови
- Системот за покривање се состои од водоотпорна полупропустлива мембрани.
- Системот за вентилација и дистрибуција на воздухот/ системот за собирање на дренажа
- Системот за влажнење
- Компјутерскиот систем за контрола
- Машина за ракување со системот за покривање

По период од 28 дена, откако отпадот останал во браздите, истиот е стабилизиран и се вади од браздите со помош на натоварач со тркала. Натоварувачот го храни мобилниот барабан за рафинирање со цел да се разделат додатоците кои останале во стабилизираниот отпад (пластика, неразградлив органски материи и сл.) она што поминува под ситото е финалниот производ (производ сличен на компост - ПСК), а се што се собира над ситото оди директно на депонијата.

Постројката ќе ја користи внатрешната улична мрежа на градежната парцела на депонијата.

Помошните градби и објекти за вода, канализација и систем за противпожарна заштита ќе бидат изградени за да го олеснат функционирањето на депонијата.

Постројка за рециклирање на материјал (ПРМ)

ПРМ ќе биде сместена во метален објект со бетонски под и во неа се предвидуваат:

- Приемна хала
- Област за сортирање
- Единица за балирање
- Област за складирање

Камионите кои се натоварени со мешан рециклибилен отпад од сината корпа пристигнува во постројката од главната порта. По мерењето, камионите влегуваат во ПРМ низ

електрични врати. Секоја врата ќе биде на принцип на автоматско отворање /затворање како камионите се наближуваат до истата. Камионите ќе ги истовараат материјалите во приемната хала а потоа ќе ја напуштат постројката.

Преден натоварувач ќе се користи за да ги однесе материјалите во бункер. За да се избегне потребата за машина за отворање препорачливо е да е информираат граѓаните дека тие едноставно треба да го одложат нивниот отпад од пакување во соодветните корпи наместо да го ставаат во вреќи.

Навален синџирест транспортер ќе се користи за транспорт на материјалите од горната платформа 3 до 4 метри над приземјето на зградата, каде што ќе биде поставена линијата за рачно сортирање. Сортирањето на материјалите ќе се изведува со помош на бавна подвижна лента која ќе се движи кон персоналот кој го врши рачното сортирање. Областа под платформата за сортирање ќе се користи за времено складирање на сортираните материјали. Се планира да има 10 одделни секции. Секоја секција ќе има два отвори на горното ниво за добивање на материјали. Секој отвор ќе опслужува до двајца работници. Персоналот на секоја секција ќе биде одговорен да собере одреден тип на материјали и да ги испушти во отворите до привременото складиште (силос) кој се наоѓа на пониското ниво.

На крајот на сортирачката транспортна лента материјалот поминува низ единица за магнетна сепарација за собирање на обоените метали а потоа од сепараторот на струја за селекција на необоените метали. Двете фракции ќе се собираат во корпи со капацитет од 2 m3. Кога корпите ќе се наполнат, тие ќе бидат заменети со празни а потоа пренесени до единицата за пресување на метали. Пресата ќе биде опремена со механизам за автоматско кревање и празнење на корпите.

Нерециклибилните материјали ќе се собираат во контејнери, пред нивно крајно отстранување во најблиската санитарна депонија.

Рачното сортирање ќе се врши во затворен кабинет кој овозможува регулиран довод на свеж воздух и екстракција на загадениот воздух, додека применетата контрола на температурата ќе биде во функција на обезбедување здравје и безбедност при работа.

Силосот ќе биде поделен со метални ѕидови. Штом силосот се наполни, со помош на електричен виљушкар или преден натоварувач материјалот ќе се пренесе до синџиреста транспортна лента која понатаму го води до единицата за балирање. Во единицата за балирање ќе се притисне сортираниот материјал (пластика, хартија, стакло) во форма на коцки, кои ќе се чуваат во просторот за складирање во самата зграда на МРФ. Фракциите стакло ќе се собираат во посебни контејнери и се рециклираат такви какви се.

Зградата на ПРМ ќе обезбеди адекватен простор за:

- Времено складирање на влезните материјали,
- Склад за сортирани материјали
- Движење и маневрирање на оперативните возила како и на влезните камиони
- Заштитена област за складирање на балиран материјал

Мала постројка за компостирање

Постројката за компостирање ќе го прима одделно собраниот градинарски отпад во Свети Николе и Пробиштип. Се проценува дека капацитетот на постројката, кој одговара на одделно собраниот градинарски отпад во Свети Николе и Пробиштип во 2025 година се е приближно 600 t/y. Техничките карактеристики на постројката се претставени во секцијата 2.2.4.2 заедно со останатите постројки за компостирање.

Работата на постројката ќе генерира исцедок, кој се очекува сепак во ограничена количина, поради природата на отпадот кој треба да се третира. Всушност, исцедокот ќе се формира поради влажнењето на браздите и таа количина се очекува да биде приближно 0,26 m3/ден.

Во однос на производството на отпадните води од персоналот во постројката, се предлага персоналот од останатите постројки да се искористи исто така и во постројката за компостирање. Затоа, нивниот придонес во производството на отпадни води се зема предвид.

Депонија (депониска ќелија)

Воспоставувањето на санитарна депонија подразбира изградба на серија од инфраструктурни објекти неопходни за нејзино соодветно функционирање. Сите конфигурации се утврдени врз основа на следниве принципи (имајќи ги предвид наклоните на теренот):

- Едноставно собирање на исцедокот, избегнувајќи притоа негово мешање со атмосферските води;
- Едноставен пристап за камионите кои превезуваат отпад до дното од басенот;
- Изградба на ров околу периметарот за истекување на атмосферските води;
- Височината на крајниот волумен на отпадот не треба да биде поголема од височината на актуелната топографија.

Системот на обложување на новата депонија ќе вклучи и природни и вештачки материјали. Поконкретно, природните материјали ќе се применат на дното на депонијата, додека вештачките ќе се применат на наклоните.

Собирањето на исцедокот ќе се овозможи со цевки кои ќе бидат поставени под соодветна косина за да се овозможи ефикасно течење на исцедокот кон пониското ниво од басенот, и истите ќе бидат инсталирани во рамките на слојот за одведување (истекување), во посебна површинска формација на басенот за одлагање на отпадот. Дијаметарот ќе се избере врз основа на податоците за врнежите на тоа подрачје, како и според басенот на самата депонија. Цевките ќе бидат инсталирани во зона со чакал. За потребите на инсталирање на цевките за собирање на исцедокот ќе биде изградена посебна тематска формација во басенот.

На најниското ниво од басенот ќе бидат поставени неперфорирани цевки кои ќе се протегаат до собирната јама.

Собирните јами ќе бидат направени од полиетилен со висока густина (HDPE). Интерниот дијаметар на садот за собирање на исцедокот ќе биде најмалку 1 метар, додека опремата ќе биде поставена на начин кој ќе овозможи контрола и чистење на цевките за собирање и евакуација.

Понатаму, исцедокот од собирните цевки се носи до пумпната станица и на крај до резервоарот за собирање.

Постројка за третман на исцедокот

Постројката за третман на исцедокот за потребите на депонијата треба да обезбеди дека ефлуентот ќе биде со квалитет кој дозволува испуштање во природните реципиенти согласно законските барања.

Постројката за третман на исцедокот ќе се состои од следниве единици:

- Собирање на ефлуентот / резервоар за изедначување
- Пумпна станица за прихранување на биолошкиот реактор (СБР)

- Станица за подготовка на хранливите материи и пумпна станица за дозирање
- Прва СБР единица
- Втора СБР единица
- Резервоар за хлорирање
- Резервоар за собирање на ефлуентот
- Пумпна станица за ефлуентот
- Згуснувач на мил

Третираниот исцедок ќе се собира во посебен резервоар од кој еден дел од третираниот исцедок ќе се враќа повторно назад во телото на депонијата, а остатокот ќе се испушти во потокот Клобуч со квалитет кој ги задоволува барањата утврдени од надлежните органи.

Систем за управување со депонискиот гас

Системот за управување со депонискиот гас може да се состои од следново:

- Бунари за собирање
- Цевководна мрежа за пренесување на биогасот
- Станици за собирање на биогасот
- Главна цевка за испуштање на биогасот (периметарска цевка за биогас)
- Систем за зафаќање на кондензатот
- Горилник

Мониторинг на депонијата

Мониторингот на животната средина се однесува на повремени инспекции и тестови кои се вршат за да се проценат влијанијата кои депонијата ќе ги има врз околната средина.

Целокупниот систем за мониторинг на депонијата ќе се состои од:

- Систем за мониторинг на исцедокот;
- Систем за мониторинг на подземните води;
- Систем за мониторинг на површинските води;
- Систем за мониторинг на биогасот;
- Систем за мониторинг на таложењето.

Резервиран простор на депонијата

Во планираната градежна парцела предвиден е резервиран простор кои ќе служи за идно проширување на депониската ќелија или формирање на нова депониска ќелија.

Во Физибилити студијата за изградба на интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и северо-источниот регион (бр.12-9539/1), предвидено е депониската ќелија да биде исполнета во период од 8 (осум) години од пуштање во употреба на меѓурегионалната депонија во Мечкуевци, општина Свети Николе. Според предвидената проекција, при подготовките за затворање на 1-та (првата) депониска ќелија ќе треба да се направи нова депониска ќелија во површината именувана со овој урбанистички проект како „Резервиран простор на депонијата“.

Со овој урбанистички проект не се уредува изградбата на идната (нова) депониска ќелија во резервираниот простор на депонијата, бидејќи за истата не се предвидени проектни решенија за неа, како и потребната инфраструктура за нејзино функционирање. Во иднина

отворање и градење на нова депониска ќелија во резервираниот простор на депонијата, ќе треба да се предвиди со нов Урбанистички проект.

Покрај наведените активности во централната постројка за управување со комунален отпад, предвидени се и активности кои се потребни за целокупно функционирање на технолошкиот процес и истите се опишани во Идејниот проект кој е составен дел на овој Урбанистички проект.

2.2.1. Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Согласно Условите за планирање на просторот (Y25321), со Решение за Услови за планирање на просторот од МЖСПП (бр. УП1-15 1561/2021 од 20-10-2021г.) и одобрената Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад, лоцирана во општина Свети Николе, КО Мечкуевци, општина Свети Николе предвидено е новопланираните градби и содржини да бидат определени со соодветна класа на намена.

Доминантната класа на намена која припаѓа на **групата на класи на намена** – Е **(Инфраструктури)** е поддефинирана како:

- Е3.1 – Регионална депонија за одлагање на неопасен отпад.

Во рамките на проектниот опфат има и комплементарни намени на доминантната класа на намена, односно наменски содржини кои припаѓаат на **групата на класи на намена** – Е **(Инфраструктури) и Д (Зеленило, рекреација и меморијални простори)** и тоа:

- Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури
- Е1.11 – Инфраструктури за одводнување на земјоделски површини
- Д2.3 – Индустриски зелени тампон појаси

2.2.2. Регулаторни линии

Регулаторни линии се линиски плански одредби кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителот на правото за градење и од аспект на намената на земјиштетп во градежната парцела , односно диспозицијата на планираните градби.

Регулаторни линии се:

- Регулациона линија, со ознака Р.Л. (примарна делба)

- Граница на градежната парцела, со ознака Г.Г.П. (секундарна делба) и

- Градежна линија, со ознака Г.Л. (терцијална делба)

2.2.3. Регулациона линија (Р.Л.)

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.

2.2.4. Граница на градежна парцела (Г.Г.П.)

Границата на градежна парцела претставува линија на разграничување помеѓу две соседни градежни парцели, односно линија на разграничување на носителите на правото на градење.

2.2.5. Градежна парцела (Г.П.)

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на граежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во кој се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби.

На ниво на проектниот опфат е планирана 1 (една) градежна парцела и е означена со соодветна намена и ознака.

Градежната парцела е означена со арапски цифри (1.1).

Границата на градежната парцела формира површина од П(градежна парцела)=22,320ха (223207.6450м^2).

Во графичкиот приказ границата на градежната парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,6мм.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД - ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, КО МЕЧКУЕВЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ТЕХ.БР. Е0221		
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНСКИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА		
НАМЕНА	ПОВРШИНА (м^2)	(%)
СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА (коловоз, тротоари, колско-пешачка површина)	26,556	12
ДЕПОНИСКА ЌЕЛИЈА	49,689	22
БРАЗДИ ЗА КОМПОСТИРАЊЕ НА ЗЕЛЕН ОТПАД	1,520	1
ПРИЕМ / ДРОБЕЊЕ / ЗРЕЕЊЕ / РАФИНИРАЊЕ НА ЗЕЛЕН ОТПАД	446	0
БРАЗДИ ЗА КОМПОСТИРАЊЕ НА ОТПАД	6,240	3
ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	8,424	4
НИСКО ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО (Појас за заштита од пожар)	40,212	18
ЛИНИСКО ПЕРИМЕТАРСКО ЗЕЛЕНИЛО СО ДРВОРЕД (Ограничување на телото на депонијата од видно поле)	4,290	2
РЕЗЕРВИРАН ПРОСТОР НА ДЕПОНИЈАТА	85,829	38
Вкупно:	223,206	100

(Табела со наменски содржини во градежната парцела со Урбанистичкото решение)

2.2.6. Градежна линија (Г.Л.)

Градежната линија е регулаторна линија во урбанистичкиот план/проект која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до којашто во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објект.

2.2.7. Површини за градење

Во градежните парцели е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Во нумеричките показатели зададена е максималната површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор. Таа изнесува П(вк.површина за градење)=8424 м^2.

Во рамките на утврдената површина за градење предвидени се осум (19) површини за градење и тоа за:

- Градба 1.1.1 – Административна зграда
- Градба 1.1.2 – Објект за колска вага
- Градба 1.1.3 – Единица за миење тркала
- Градба 1.1.4 – Резервоар за вода
- Градба 1.1.5 – Работилница
- Градба 1.1.6 – Настрешница (зелена точка)
- Градба 1.1.7 – Простор за земање мостри
- Градба 1.1.8 – Простор за рециклирање на материјали
- Градба 1.1.9 – Метален хангар за зреење
- Градба 1.1.10 – Хангар за рафинирање
- Градба 1.1.11 – Постројка за механички-биолошки третман
- Градба 1.1.12 – Биофилтер
- Градба 1.1.13 – Хангар за прием
- Градба 1.1.14 – Зграда за септичка јама и дополнителна опрема
- Градба 1.1.15 – Реактори и базени за третман
- Градба 1.1.16 – Базен за израмнување и згуснување на милта
- Градба 1.1.17 – Подстаница за собирање на биогас
- Градба 1.1.18 – Горилник
- Градба 1.1.19 – Трафостаница со агрегат

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД - ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, КО МЕЧКУЕВЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ТЕХ.БР. Е0221										
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1.1											
Г.П. Бр.	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m²)	ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА НА ГРАДБА ВО ПРИЗЕМЈЕ (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²)	МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТОВИ)	КАТНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ВО ОДНОС НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА (%)	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (k)	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m')	ПАРКИРАЊЕ
1.1	223.208	**Е3.1** - Комунална супраструктура	8.424	8.424	1	П	3,8	0,04	5,55	7

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА МЕЃУРЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД - ЦЕНТРАЛНА ПОСТРОЈКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЛОЦИРАНА ВО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, КО МЕЧКУЕВЦИ, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ТЕХ.БР. Е0221														
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1.1														
Г.П. Бр.	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m²)	БРОЈ НА ГРАДБА	КЛАСИФИКАЦИЈА НА ВИДОВИ ГРАДБИ	ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА НА ГРАДБА ВО ПРИЗЕМЈЕ (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²)	МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТОВИ)	КАТНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ВО ОДНОС НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА (%)	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (k)	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m')	ПАРКИРАЊЕ
1.1	223.208	1.1.1	АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	138	138	1	П	0,062	0,00062	3,50	7
		1.1.2	ОБЈЕКТ ЗА КОЛСКА ВАГА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	14	14	1	П	0,006	0,00006	3,35	
		1.1.3	ЕДИНИЦА ЗА МИЕЊЕ ТРКАЛА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	27	27	1	П	0,012	0,00012	?	
		1.1.4	РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	60	60	1	П	0,027	0,00027	3,65	
		1.1.5	РАБОТИЛНИЦА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	129	129	1	П	0,058	0,00058	5,55	
		1.1.6	НАСТРЕШНИЦА (ЗЕЛЕНА ТОЧКА)	**Е3.1** - Комунална супраструктура	54	54	1	П	0,024	0,00024	5,55	
		1.1.7	ПРОСТОР ЗА ЗЕМАЊЕ НА МОСТРИ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	82	82	1	П	0,037	0,00037	?	
		1.1.8	ПРОСТОР ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	2.805	2.805	1	П	1,257	0,01257	?	
		1.1.9	МЕТАЛЕН ХАНГАР ЗА ЗРЕЕЊЕ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	2.272	2.272	1	П	1,018	0,01018	?	
		1.1.10	ХАНГАР ЗА РАФИНИРАЊЕ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	689	689	1	П	0,309	0,00309	?	
		1.1.11	ПОСТРОЈКА ЗА МЕХАНИЧКИ-БИОЛОШКИ ТРЕТМАН	**Е3.1** - Комунална супраструктура	612	612	1	П	0,274	0,00274	?	
		1.1.12	БИОФИЛТЕР	**Е3.1** - Комунална супраструктура	45	45	1	П	0,020	0,00020	?	
		1.1.13	ХАНГАР ЗА ПРИЕМ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	584	584	1	П	0,262	0,00262	?	
		1.1.14	ЗГРАДА ЗА СЕПТИЧКА ЈАМА И ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	105	105	1	П	0,047	0,00047	3,10	
		1.1.15	РЕАКТОРИ И БАЗЕНИ ЗА ТРЕТМАН	**Е3.1** - Комунална супраструктура	624	624	1	П	0,280	0,00280	3,00	
		1.1.16	БАЗЕН ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ И ЗГУСНУВАЊЕ НА МИЛТА	**Е3.1** - Комунална супраструктура	102	102	1	П	0,046	0,00046	3,00	
		1.1.17	ПОДСТАНИЦА ЗА СОБИРАЊЕ НА БИОГАС	**Е3.1** - Комунална супраструктура	9	9	1	П	0,004	0,00004	3,00	
		1.1.18	ГОРИЛНИК	**Е3.1** - Комунална супраструктура	16	16	1	П	0,007	0,00007	?	
		1.1.19	ТРАФОСТАНИЦА СО АГРЕГАТ	**Е3.1** - Комунална супраструктура	57	57	1	П	0,026	0,00026	3,00	
				ВКУПНО:	8.424	8.424	1	/	3,8	0,04	/	7

(Табели со нумерички показатели за градбите во градежната парцела)

2.2.8. Максимална висина на градбите (Н мах.)

Максималната височина за градба е планска одредба со која се утврдува дозволената височина за градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното.

Максималната височина на градбата се одредува на онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Со предметниот УП се предвидува висина на завршниот венец на градбите од 3,0м' до 8.50м', додека бројот на катови е П (приземје).

2.2.9. Процент на изграденост (Р%)

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во предметниот Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за градежната парцела оваа величина изнесува Р%=3,8%.

2.2.10. Коефициент на искористеност (к)

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Во предметниот Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за градежната парцела оваа величина изнесува k=0,04.

2.2.11. Образложение на содржината на градбите во градежната парцела

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.32/20) во рамките на градежната парцела 1.1 со група на класа на намена Е – Инфраструктури, класа на намена Е3.1 – Регионална депонија за одлагање на неопасен отпад, се формираат површини за

градење со градежни линии и нумерација, намена на градбите, максимална височина изразена во метри, при што е дефиниран процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето на градежната парцела, почитувајки ги и одредбите на Законот за урбанистичко планирање и подзаконските акти коишто произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20 и 219/21).

Со оваа проектна документација се определуваат сите параметри за градбите и инфраструктурата кои се предвидуваат во рамки на ГП 1.1. Истата ќе биде основа за изработка на основните проекти за градбите и инфраструктурата, со цел издавање на одобрение за градење и изградба и реализација на депонијата. Во решавањето на урбанистичкото решение на градежната пацела, како подлога за насоки е користена потпишанта **Проектна програма**.

3. НАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА

Во рамките на проектниот опфат треба да се уреди земјиште кое ќе биде за јавна употреба. Тоа е класа на намена Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, односно во неа припаѓаат: дел од Регионалниот пат Р2236 со негов заштитен појас (Л=20м') и клучката на регионалниот пат со новопланираната улична мрежа „Индустриска улица 1", понатаму заштитното зеленило на планираните регулирани повромени водотеци означено со класа на намена Е1.11 – Инфраструктури за одводнување на земјоделски површини, комуналните инфраструктурни водови, како и планирна површина со класа на намена Д2.3 – Индустриски зелени тампон појаси.

Покрај планираните регулирани повремени водотеци, предвиден е простор за пристап со возило и нивно одржување кој е со минимална ширина од Л=6м'.

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат насоки за планските решенија за инфраструктурата.

Имајќи ги во предвид специфичноста на градбите и нивната диспозиција, инфраструктурата која е во рамки на проектниот опфат, но и градежната парцела, ќе се додефинира преку изработка на основните проекти.

На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба значително ги диктира проектните решенија за сообраќајниците, за водоводните и атмосферските инфраструктурни водови, како и за електро-енергетската и електронско-комуникациската инфраструктура, кои се во директна зависност од внатрешната улична мрежа, но и технолошкиот процес за функционирање на депонијата.

Водењето на инфраструктурата ќе биде во инфраструктурни коридори.

4.1. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајниот концепт на планираната патна и улична мрежа во просторот што е дефиниран во проектниот опфат е утврден врз основа на:

- Проектна програма,
- Урбанистичкиот концепт (идејни проекти за објекти),

- Правилникот за урбанистичко планирање,
- (Сл. весник на РМ бр.225/20),
- Ажурирана геодетска подлога.

4.1.1. Сообраќајно поврзување

Предметната локација се наоѓа во општина Свети Николе, 12 км источно од градот Свети Николе и 11 км западно од градот Пробиштип.

Пристапот до депонијата се обезбедува преку регионалниот пат Р2236 (Свети Николе, врска со А4 – Мечкуевци – Пуздерци - Неокази, врска со Р1205), односно преку проектирана „Т“ клучка и новопроектирана Индустриска улица „1“, која завршува со ротонда со внатрешен радиус од 12м'/надворешен радиус од 17м' и завршува со крак за влез во градежната парцела ГП1.1.

4.1.2. Патна и улична мрежа во рамки на проектниот опфат и внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места во градежната парцела

I. ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ (ВОН ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА)

<u>Патна мрежа</u>

- **Регионален пат**

Постојниот сообраќаен профил на регионалниот пат Р2236 и неговите елементи е со следната структура:

РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р2236 (ПОСТОЕН)
ПРЕСЕК 1-1



(Попречен пресек и елементи на Регионален пат Р2236)

Пресек 1-1

коловоз .....2 x 2,75 = 5,50m'

вкупно : 5,50m'

Вкупна должина на патната мрежа во проектниот опфат изнесува:

Регионален пат Р1204.....L=442m'

- **Крстосница во ниво „Т-јазел“**

Конфигурацијата на планираната крстосница во ниво е дефинирана со возни ленти со ш=3,50 м',со дополнителни ленти за исклучување(лево и десно) и вклучување од и во постојниот коловоз на Р2236.

Дополнителните ленти за исклучување и вклучување се димензионирани според секторска брзина од 50 км/час.:

Дополнителни ленти за исклучување (успорување)

Vr = 50км/час d = 1,5 м/сек^2

Vr' = 0,8 Vr = 40км/час t = 3 сек

Vr"= 20 км/час

- должина на додатни ленти за исклучување (успорување)

$$Ld = \frac{Vr'^2 - Vr''^2}{26 \times d} = \frac{40^2 - 20^2}{26 \times 1{,}5} = \frac{1200}{39} = 30{,}77м'$$

Усвоено Ld = 35,00 m'

- должина на клин

$$Lc = \frac{t \times Vr'}{3{,}6} = \frac{3 \times 40}{3{,}6} = 33{,}33$$

Усвоено Lc = 35,00 m'

- вкупна доллжина на додатни ленти за исклучување

L = Ld + Lc = 35 + 35 = 70,00 m'

Дополнителни ленти за вклучување (забрзување)

Vr = 50км/час d = 1 м/сек^2

Vr' = 0,8 Vr = 40км/час t = 3 сек

Vr"= 20 km/cas

- Должина на додатни ленти за вклучување (забрзување)

$$La = \frac{Vr'^2 - Vr''^2}{26 \times d} = \frac{40^2 - 20^2}{26 \times 1} = \frac{1200}{39} = 46{,}15м'$$

Усвоено La = 50,00 m'

- Должина на клин

$$Lc = \frac{t \times Vr'}{3{,}6} = \frac{3 \times 40}{3{,}6} = 33{,}33$$

Усвоено Lc = 35,00 m'

- Вкупна должина на додатна лента за вклучување (забрзување)

L = La+ Lc = 50+35 = 85,00 m'



(Проектирана „Т“ крстосница во ниво)

<u>Улична мрежа</u>

*** Улична мрежа вон градежната парцела**

Новопланираната индустриска улица е дефинирана со следна структура на сообреќајниот профил:

Пресек 2-2

коловоз.....2 x 3,50 = 7,00m'

тротоари .....2 x 2,40 = 4,80m'

вкупно : 11,80m'

Вкупната должина на новопланирана индустриска улица „1“ изнесува:

- Новопланирана индустриска улица „1“.....L=256m'

(Попречен пресек на Новопланирана индустриска улица „1“)

- **Крстосница во ниво „Ротонда“**

Сообраќајниот профил на планираната крстосница во ниво „Ротонда“ и нејзините елементи се со следната структура:

внатрешен радиус..... 12,00 м'
коловоз ..... 5,00 м'
тротоар ..... 2,40 м'

Надворешен радиус (Вкупно) = 19,40 м'



(Проектирана крстосница во ниво – Ротонда)

II. УЛИЧНА МРЕЖА (ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Во рамки на градежната парцела испроектирана е улична мрежа која има за цел непречено функционирање на сообраќајот и поврзување со патната мрежа во Република Северна Македонија. Притоа, во комплексот е испланирана улична мрежа со новопланирани индустриски улици, односно Новопланирана индустриска улица „2“ и Новопланирана индустриска улица „3“.

Истите се со следна структура на елементи:

НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА "2"
(ВО ГП)
ПРЕСЕК 3-3

(Попречен пресек на Новопланирана индустриска улица „2“)

- **Новопланирана индустриска улица „2“**

Пресек 3-3 (Профил 1)
коловоз.....(2 x 3,50) + (2 x 4,50) = 16,00m'
тротоари .....2 x 2,40 = 11,80 m'
вкупно : 27,80m'

НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА "2", "3"
(ВО ГП)
ПРЕСЕК 4-4; 5-5; 6-6; 7-7; 8-8



(Попречен пресек на Новопланирани индустриски улици „2“ и „3“)

- **Новопланирана индустриска улица „2“ (Профил 2) и „3“**

Пресек 4-4 (Профил 2), 5-5, 6-6, 7-7 и 8-8
коловоз.....2 x 3,50 = 7,00m'
тротоари .....2 x 2,40 = 4,80m'
вкупно : 11,80m'

Вкупна должина на новопланираната индустриска улица „2“ и „3“ изнесува:
- Новопланирана индустриска улица „2“.....L=325m'
- Новопланирана индустриска улица „3“.....L=928m'

Вкупна должина на новопланираната индустриска улична мрежа во граници на планскиот опфат изнесува :
- Новопланирана индустриска улица „1“, „2“ и „3'.....L=1509m'

Вкупно планирана патна и улична мрежа во проектниот опфат изнесува.....L=1951m'

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение, радиуси на хоризонтални кривини и друго се презентирани во графичкиот прилог бр. 03 “Урбанистичко решение на внатрешен и стационарен сообраќај и нивелманско решение”.

III. СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ - ПАРКИРАЊЕ

Во градежната парцела во близина на влезната партија и градбите кои се наменети за работа на персоналот (Административна зграда и Работилница) се испроектирани сообраќајни површини наменети за паркинг простор со капацититативна можност за паркирање на 7 возила (автомобили). Бројот на паркинг места за автомобили е дефиниран со Идејните проекти за депонијата, а прикажани во Ситуационото решение. Димензионирањето на паркинг просторот е согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и едно паркинг место е со димензии 2,5м' x 5,0м'.

4.1.3. Нивелманско решение на патната и улична мрежа

Нивелманското решение на патната и уличната мрежа е изработено со предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план. Земајќи во предвид дека

конфиргурацијата на теренот е со различна топографина, границите на најмал и најголем нивелман се движат од минимум 0,3% до максимум 6,0%.

Нивелманското решение на уличната мрежа во рамки на патната и улична мрежа ќе се додефинира со соодветна проектна документација во понатамошната фаза при реализацијата на комплексот-депонија.

4.1.4. Услови за движење на лица со инвалидитет

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет во проектираната сообраќајна мрежа применети се стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Во уличниот профил испланирана е сообраќајна површина за пешачко движење со минимална димензија од 2,4м' во која е овозможено и движење на лица со инвалидитет.

За пристап во градбите со основните проекти ќе биде задолжително применување на стандардите и нормативите од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

При изработка на основните проекти за уличната мрежа да се внимава при одредувањето на позициите за улични светилки, комунална опрема и инфраструктурни канали со цел да не го нарушуваат пешачкото движење и да создадат бариери од привремен или постојан вид, со цел непречено пешачко движење, вклучително и на лицата со инвалидитет кои користат протези и помагала при движењето. Контактот со коловозот на местата утврдени за пешачки премин да се обезбеди преку рампи со соодветен наклон.

4.2. Водостопанска инфраструктура

4.2.1. Водоснабдителна инфраструктура

Изворници на вода

За водоснабдување на објектите се предвидува изградба на две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода (за пиење и противпожарна заштита) и за техничка вода (за наводнување на зеленилото и одржување на комуналната хигиена).

Потребните количини на санитарна и техничка вода ќе се обезбедат од бунари. Нивната местоположба ќе биде дефинирана со хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на подземните води. Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко – хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба.

Санитарна водоводна мрежа

Од примарната санитарна водоводна мрежа се предвидува да се обезбеди вода и за противпожарна заштита. Примарната санитарна водоводна мрежа ќе биде изведена од ПЕ цевки со ND110 мм со што ќе се задоволат барањата за противпожараната заштита.

За континуирано и квалитетно водоснабдување се предвидува изградба на резервоар кој ќе биде во граница на предметниот опфат (Градба бр. 1.1.4). Бидејќи висинската положба на резервоарот не обезбедува доволен притисок во водоснабдителната мрежа потребно е да се

предвиди хидрофор, но и резервно (агрегатско) напојување на бунарот и на хидрофорот со електрична енергија.

Нормата за водоснабдување по вработен изнесува 20 до 60[1] л/ден/вработен. Усвоена е норма од 30 л/ден/вработен.

Потребниот резервоарски простор ќе се димензионира на 20% од максималната дневна потрошувачка на вода и потребната количина на вода за противпожарна заштита. Усвоена е појава на еден пожар во времетраење од 2 часа, со норма на гасење од 10 л/сек (Сл. весник на РМ бр. 31 од 2006 год.)

$V = 20\% \, Q_{макс/ден} + Q_{пожар}$ ($м^3$).

Техничка водоводна мрежа

Просечна норма за наводнување на зеленилото изнесува 2,5-4,0 л/ден/$м^2$, за миење на улици 1,5-2,0 л/сек/$м^2$. Усвоена е просечна норма од 3,0 л/ден/$м^2$ (Q_0 = 30 $м^3$/ден/ха). Потребите од техничка вода ќе изнесуваат:

$Q = F \times Q_0$

F (ха) - површини под заштитно зеленило и сообраќајници

Примарната техничка водоводна мрежа ќе биде изведена од ПЕ цевки со најмал дијаметар од 80 мм.

<u>Одведување на отпадните води</u>

Мрежа за собирање на исцедокот

Во текот на функционирањето на депонијата се создава исцедок кој треба соодветно да биде прифатен и третиран. Преку системот за дренажа исцедокот ќе се прифати и ќе се одведе до централната станица за пречистување на отпадните води (ГП 1.1.14. ГП 1.1.15 и ГП 1.1.16).

Фекална канализациона мрежа

Санитарните отпадни води заедно со исцедокот ќе бидат тртетирани во централната станица за пречистување на отпадните води (ГП 1.1.14. ГП 1.1.15 и ГП 1.1.16)

Примарната фекална канализациска мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален дијаметар од DN 125 мм. На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

Количина на отпадна вода

Количините на фекалните отпадни води се сметаат на 80% од максималната часова потрошувачка на вода (qmax/час) зголемени за 25 % од инфилтрирани подземни води.

$q_{отпа} = Q_{макс}$ (л/сек) x 80% X 1,25 (л/ден)

[1] Водовод и канализација у зградама – М. Радоник

Атмосферска канализација

За заштита на објектите во границата на опфатот и за заштита на самата депонија од атмосферски води се предвидува изградба на атмоферска инфраструктура.

За таа цел потребно е површините во опфатот да бидат со пад кон најблискиот ров, а околу самата депонија ќе се изградат канали[2] со димензии 0,75м' х 0,50м' кои ќе ги прифаќаат атмосферските води. Преку каналите водата ќе се доведува до собирна шахта од каде со цевка со минимален дијаметар Ф1000, ќе се испушти во реципиентот.

Собирни канали се превидуват да се изградат и покрај сообраќајниците, кои исто така ќе ги одведуваат водите кон собирна шахта, а од тука кон реципиентот. Атмосферските води пред да се испуштат во реципиентот, ќе бидат третирани во маслофаќач.

Заштита од поплави

На источната и на јужната страна од опфатот минуваат времени водотеци кои се вливаат во Стануловска Река. За заштита на просторот од поплави при интензивни врнежи со кратки траења предвидено е уредување (регулирање) на времените водотеци. Врз основа на направените пресметки на протокот и водостојот во времениот водотек[3] се предвидува уредување на водотеците со правоаголен канал со димензии 0,50м' х 0,50м'. Покрај каналот ќе биде обезбеден заштитен појас од мин. 6,0 м со што ќе се овозможи непречен пристап за негово одржување и чистење.

Табела бр.2: Параметри на едночасовен хидрограм на отекнување од сливот на локалитетот Дамјаница предвиден за депонија Мечкуевци, општина Свети Николе со веројатност на појава P(1 %) и P(0,1 %)

Хидрограм на отекнување од слив	Површина на слив (km^2)	Должина на слив (km)	Пораст на хидрограм Tp (min)	Празнење на хидрогр. Tr (min)	Вк.база на хидрограм Tb (min)	Ефективни врнежи P_{ef} (mm	Волумен на вода Q (m^3)
1 h, P (1%)	1.0341	1.15	0.155594	0.029892	0.185487	11.30026	35.27976
1 h, P (0,1 %)	1.0341	1.15	0.155594	0.029892	0.185487	21.55986	67.31056

Табела бр.3: Параметри на 24-часовен хидрограм на отекнување од сливот на локалитетот Дамјаница предвиден за депонија Мечкуевци, општина Свети Николе со веројатност на појава P(1 %) и P(0,1 %)

Хидрограм на отекнување од слив	Површина на слив (km^2)	Должина на слив (km)	Пораст на хидрограм Tp (min)	Празнење на хидрогр. Tr (min)	Вк.база на хидрограм Tb (min)	Ефективни врнежи P_{ef} (mm	Волумен на вода Q (m^3)
24 h, P (1%)	1.0341	1.15	0.155594	0.029892	0.185487	56.33073	175.8664
24 h, P (0,1 %)	1.0341	1.15	0.155594	0.029892	0.185487	84.91013	265.0922

(Извадок од Хидролошка студија, 1-часовен и 24-часовен хидрограм)

[2] Основен проект за изградба на депонија во Свети Николе КП 1087/1 КО Свети Николе, Хидраулика, 2017, EU, EPTISA

[3] Хидролошка студија-анализа на еден и 24-часовните интензитети на врнежи и нивното влијание врз Централната постојка, О. Свети Николе која се наоѓа во КП 1084/1, КО Мечкуевци – „Геохидро Јованов“ ДООЕЛ Скопје, јуни 2021

За несметано зафаќање на водите од слив на Централната постројка, о. Свети Николе се препорачува уредување на повремениот водотек, правоаголен облик со следните димензии (Слика 11):

Слика бр. 11: Повремен водотек во сливот на Централната постројка, о. Свети Николе

(Прилог од Хидролошка студија – попречен профил на канал)

Табела бр.4. Водостој и проток во коритото на повремениот водотек на Централната постројка, о. Свети Николе - стогодишни води при 24 часовен интензитет на врнежи

y [m]	b [m]	A [m²]	O [m]	R [m]	C	S_0	V [m/s]	Q [m³/s]
0.00	0.50	0.00	0.50	0.00	0.00	0.09	0.00	0.00
0.03	0.50	0.01	0.55	0.02	21.29	0.09	0.96	0.01
0.05	0.50	0.03	0.60	0.04	23.55	0.09	1.44	0.04
0.08	0.50	0.04	0.65	0.06	24.86	0.09	1.79	0.07
0.10	0.50	0.05	0.70	0.07	25.77	0.09	2.07	0.10
0.13	0.50	0.06	0.75	0.08	26.44	0.09	2.29	0.14
0.16	0.50	0.08	0.82	0.10	27.14	0.09	2.54	0.20
0.19	0.50	0.10	0.88	0.11	27.60	0.09	2.72	0.26
0.22	0.50	0.11	0.94	0.12	27.98	0.09	2.87	0.32
0.25	0.50	0.13	1.00	0.13	28.28	0.09	3.00	0.38

(Прилог од Хидролошка студија – димензии на усвоен попречен профил на канал)

Изградбата на дренажниот систем ќе биде врз основа на проектно-техничка документација.

4.3. Електро-енергетска и електронско-комуникациска инфраструктура и надворешно осветлување

4.3.1. Елекротро-енергетска инфраструктура

За корисниците од регионалната депонија во КО Свети Николе предвидена е среднонапонска дистрибутивна мрежа. Предвидена е напојна дистрибутивна трафостаница 10/0,4kV; 400kVA која е дефинирана со решението за електроинсталации. Приклучниот електровод, како и напојната точка на ова трафостаница ќе биде дефинирана со Урбанистички проект за инфраструктура и во договор со овластен дистрибутер на електрична енергија.

Со урбанистичкиот проект за електроинсталациите, освен мрежното предвидено е и резерво (агрегатско) напојување на поедини корисници. Тоа се потрошувачите приклучени на разводните табли наменети за: влезната капија, административната зграда, објект за колската

вага, резервоар за вода и надворешно осветлување. За потребите на овие потрошувачи, предвиден е електричен агрегат 0,4kV; 60kVA кој е лоциран веднаш до дистрибутивната трафостаница.

За сите останатите потрошувачи за кои е потребно приклучување на нисконапонската електромрежа, предвидено е дирекно мрежно напојување.

Електрокаблите ќе бидат поставени во инфраструктурни коридори а при нивната изведба треба да се почитуваат "Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија".

4.3.2. Електронско - комуникациска инфраструктура

За приклучок на корисниците од регионалната депонија во КО Мечкуевци, општина Свети Николе предвидена е електронско-комуникациска пристапна мрежа. Предвиден е приклучен телефонски ормар, кој со оптички кабел ќе се поврзе на постојната електронско-комуникациска мрежа. Трасата на приклучниот оптички кабел ќе биде дефинирана со Инфраструктурен проект.

За создавање на услови за користење на широкопојасен интернет локацијава, пристапниот пат како и поширокото опкружување треба да бидат покриени со сигнал на мобилните оператори.

4.3.3. Надворешно осветлување

Сообраќајницата во регионалната депонија во КО Свети Николе опфатена е со инсталација за надворешно осветлување. Светилките ќе се поставуваат на метални столбови со височина од 6-8м на бетонски фундаменти лоцирани надвор од коловозните површини по се како што е наведено во основниот проект за електроинсталациите.

Со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план предвидено е да биде опфатен делот со надворешно осветлување онаму каде се очекува зголемено движење на корисниците, односно тоа е пристапот до градбите на потег од Настрешницата - зелена точка (градба бр. 1.1.6) до површината наменета за „дробење/зреење/рафинирање на зелен отпад“.

4.4. Гасоводна инфраструктура

Биогас

Депонијата може да се дефинира како биохемиски реактор кој создава гасови преку анаеробна ферментација на органскиот и другиот биоразградлив отпад. Затоа во комплексот на депонијата е предвиден контролен систем кој ќе превенира непосакувани одлевања на депониското гас во атмосферата и околната почва. Произведениот гас може да се употреби за производство на енергија или да се изгори под контролирани услови со цел спречување на создавање стакленички гасови во атмосферата.

Составот на депониското гас се содржи главно од метан (CH_4) и јаглерод диоксид (CO_2) во сооднос од 50:50.

Гасот создаден од отпадот, доколку не се контролира може да се прошири надвор од границите на депонијата, а со тоа се создава можност за загрозување на околината преку избивање на пожар поради неговата висока запаливост или избивање надвор од депониската покривка или покрај неа преку почвата. Доколку избивањето на гасот е во близина на објектите истиот може да се акумулира во нив, притоа создавајќи несакани последици по здравјето на вработените во комплексот.

Кога гасот ќе достигне високи концентрации доаѓајќи до критичната вредност, заради неговата висока запаливост постои голема веројатност од експлозија.

Заради овие својства и на создадениот гас во депонијата и можните наведени сценарија градбите во неа не смеат да содржат подземни нивоа.

Врз основа на пресметките во доставените идејни проекти за количините на произведен гас во депонијата, дефинирано е решението на системот за управување со биогасот. Од пресметките произлегува дека од пуштање на депонијата во употреба, во нардените 60 години ќе се произведе биогас во количина од 36.554.611,14м^3 биогас.

4.4.1. Систем за управување со биогасот

Системот за управување со биогасот ќе се содржи од следните елементи:

- бунари за собирање на биогасот (W14)
- цевководна мрежа за трансфер на биогасот
- подстаница за собирање на биогасот
- горилник

Бунари за собирање на биогасот

При крајот на оперативниот перод со депониската ќелија, односно кога истата ќе ја достигне завршната висина од депонираниот отпад, за собирање на биогасот ќе бидат извршени вертикални дупчења и ќе бидат ископани 14 бунари (boreholes) со дијаметар со димензии од 1000мм. После дупчењето во бунарите ќе бидат поставени перфорирани бетонски цевки со дијаметар од 800мм. Во нив ќе бидат вметнати дренажни цевки (screen pipes) со дијаметар од 300мм, а просторот меѓу цевките ќе биде пополнет со чакал и кршен камен. Секоја дренажна цевка ќе лежи на постелка од чакал и кршен камен на дното од бунарот.



(Детал на колекторски бунар)

Вкупниот број на бунари за собирање на биогасот од депониската ќелија ќе биде 14. Растојанието меѓунив ќе биде најмногу 50 метри, земајќи во предвид дека радиусот на опслужување на секој бунар изнесува 30 метри.



(Шема на поставување на бунарите за собирање на гасот)

Цевководна мрежа за трансфер на биогасот

Секој бунар ќе биде поврзан со подстаницата за собирање на биогасот преку цевководна мрежа за трансфер на биогасот.

Цевководната мрежа ќе биде поставена со наклон од најмалку 5% кон подстаницата за собирање на биогасот.

Спојките на цевките ќе бидат со флексибилни уреди кои ќе оневозможуваат штети од притисок, трансферзални сили, торзија и др. Дијаметарот на цевките ќе биде со димензии на дијаметарот до 160мм. Тие ќе бидат заштитени од замрзнување со тоа што ќе бидат покриени со земја или отпад со дебелина не помала од 80см.

Цевководната мрежа го води биогасот до подстаницата за собирање на биогасот, кадешто понатаму преку ткн. „главна цевка“ се води кон горилникот. Главната цевка треба да биде со наклон од најмалку 5%. Оптималниот дијаметар на главната цевка изнесува 200мм (мин.160мм). Истата ќе биде позиционирана на источниот раб од депониската ќелија и ќе биде вкопана под атмосферската одводна цевка и под новопроектираната индустриска улица „3“, на длабочина од најмалку 80см..

Подстаница за собирање на биогасот

За предвидената депонија за неопасен отпад, големината на депониската ќелија, количините на депониран отпад и количините на создаден биогас, со идејните проекти е предвидено дека е потребно 1 (една) подстаница за собирање на биогасот.

Истата ќе биде поставена на источнио раб од депониската ќелија и ќе биде покриена под настрешница со димензии 3.0м х 1.25м х 2.0м.

Подстаницата треба да биде заштитена со ознаки против запаливост.

Сите дополнителни уреди потребни за отстранување на кондензатите ќе бидат испроектирани со основните проекти.



(Детал на подстаница за собирање на биогас)

Горилник

Со цел да се отстрани биогасот од депонијата на крајот од целиот систем ќе биде поставен горилник. Според количините на создаден биогас горилникот ќе биде димензиониран да согорува 250m^3/h. Сите дополнителни уреди потребни за сигурно управување со горилникот ќе бидат испроектирани во основните проекти.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕ НА БАРИЕРИ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ

5.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

За потребите за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад, лоцирана во општина Свети Николе, КО Мечкуевци, општина Свети Николе доставено е Барање за податоци и информации (арх. бр. 0902-479/5 од 24.08.2021г.) до Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство – Скопје и од страна на оваа институција е доставен одговор во кој се констатира дека на подрачјето на

предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Воедно, во дописот се пропишани мерки кои треба да се превземат во случај доколку во процесот на реализација на проектот и изградба на планираните градби бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, дека изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство. Пропишаните мерки се потпираат на Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

5.2. Мерки за заштита на животна средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат **заштитни мерки по настанатиот проблем**, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, **превентивната заштита** на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина, како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8), е регулирана со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Северна Македонија" број 100/12-пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21);
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21);

- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/21);
- Закон за водите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Неопходно е предвидената меѓурегионална депонија за комунален отпад во Општина Свети Николе да биде изградена во согласност со европските и националните закони и прописи.

Мониторингот на сите емисии во основните медиуми од Депонијата треба да се спроведува согласно подзаконскиот акт за начинот и постапката за работењето, мониторинг и контрола на депонијата во текот на работниот период, мониторинг и контрола на депонијата во фазата на затворање и понатамошна грижа за депонијата, како и за условите за одржување на депониите по затворањето (Службен весник на РМ бр. 156/07).

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот има клучна улога во креирањето на планските решенија во сите фази од изработка на проектната документација.

Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали.

Во експлоатациониот период неопходно е да се контролира и следи: испуштањето на депониските гасови (високите концентрации на јаглерод диоксид и метан кои се создаваат при разградување на органските отпадни материи во експлоатациониот период имаат токсично дејство врз биодиверзитетот во непосредната околина на депонијата, создаваат анаеробни почвени услови и ризик од експлозија) и редовното дневно покривање на одложениот отпад со покривен слој, со цел да се редуцира ширење на непријатната миризба, и разнесување на отпадоци, аеросоли и материјали од страна на ветер.

Во насока на искористување на калоричната моќ на метанот неопходно е поставување на дренажа за собирање на депонискиот гас и воспоставување на мерки за негово соодветно управување.

Да се испита ружата на ветрови, со цел да се предвидат соодветни мерки со кои ќе се спречи разнесување на отпадните материи надвор од предвидениот простор за депонирање. Исто така потребно е да се предвидат мерки за неутрализација и спречување на ширењето на непријатна миризба од депонираниот отпад.

Потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита и да се спроведе контрола на прашината од активностите на локацијата, како и од транспортот по сообраќајниците во рамките на предметниот опфат и во негова непосредна околина. Исто така, треба да се преземат соодветни мерки и активности за отстранување на калта и шутот.

Мерки за заштита на квалитетот на водите

Неопходно е да се спроведат испитувања на движењата на подземните води на предвидената локација и во нејзина непосредна околина, со цел заштита на подземните води од загадување, како и заради зачувување на стабилноста на депонијата.

На источната и на јужната страна од опфатот минуваат времени водотеци кои се вливаат во Стануловска Река. Предвидено е нивно уредување (регулирање) и обезбедување на соодветен заштитен појас.

Да се воспостави ефикасен одводен систем за собирање на атмосферските води, кој ќе штити од навлегување на дождовната вода во депонијата, и ќе го намали количеството на создаден исцедок во депонијата. Собирни канали за атмосферски води се превидуваат да се изградат и покрај сообраќајниците, кои ќе бидат третирани во маслофаќач, а потоа спроведени кон реципиентот. Исто така, неопходно е да се изврши соодветно обложување и дренажа за да се спречи загадениот исцедок да влезе во подземните води.

Отпадните води од предвидените објекти во рамките на предвидениот опфат и исцедокот од депонијата ќе се третираат и пречистуваат во пречистителна станица во рамки на опфатот, и да се испита пред испуштање во реципиентот.

Мерки за заштита на квалитетот на почвата

При реализацијата на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата и вибрациите се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба и експлоатација, спроведување на мониторинг и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Мерки за управување со отпадот

Одложувањето на отпадот на депонијата треба да биде последна алтернатива во однос на сите останати можни начини за постапување со отпадот, односно приоритет е негова селекција и повторна употреба како секундарна суровина или извор на енергија.

Неопходно е да се направи проценка за капацитетот на просторот за прифаќање на отпадот што ќе се создава од околните населени места во периодот што следи, со цел да се оправда користењето на просторот за меѓурегионална депонија. Согласно критериумите за оцена на локациите за депонии дадени во Елаборатот за цврстиот отпад во Република Македонија, изготвен за потребата од изработка на Просторен план на Република Македонија, прифатлива е локацијата која ќе ги задоволи потребите за одложување на отпадот во период од 20 години, додека поволна локација обезбедува користење за период поголем од 20 години.

Потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита и контрола на штетници, грабливци и животни со цел заштита од разнесување на отпадните материи, како и заштита и

зачувување на животната средина во непосредна околина на депонијата, како и спречување на можноста за ширење на заразни болести.

При вршење на предвидените активности неопходно е да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина.

Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Операторот на депонијата е должен да врши мониторинг и контрола на влијанието на депонијата врз животната средина и писмено да го известува надлежниот орган за вршење на стручни работи во животната средина за сите значителни негативни влијанија врз животната средина, утврдени со примена на постапките за контрола и за следење. Треба да се има предвид дека управувањето на депонијата и следењето на промените во животната средина продолжува и после нејзиното затварање, под претпоставка дека депонираниот органски отпад продолжува да се распаѓа и по затварањето на истата. Согласно Законот за управување со отпадот за депонијата или за дел од неа може да се смета дека престанала да работи, само откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина извршил завршна инспекција на самото место, ги оценил сите извештаи поднесени од страна на операторот и му доставил решение за престанок со работа на депонијата. Откако депонијата ќе престане да работи, операторот ќе биде одговорен за нејзиното одржување, за следење и за контрола во фазата на натамошната грижа за депонијата, во рокот што е определен во дозволата за работа.

5.3. Мерки за заштита на природата

При планирањето и уредувањето на просторот се врши усогласување на намените во просторот низ одредена организација, при што е земена во предвид заштитата и унапредувањето на природата, што подразбира грижа и одржување на одредени избрани подрачја или објекти, кои поради нивните специфични природни вредности се предмет на заштита.

Мерките за заштита се преземаат паралелно со планирањето и уредувањето на просторот, пред да се пристапи кон било каква интервенција, а согласно со одредбите пропишани во Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16, 113/18 и и 151/21), Просторниот план на Република Македонија (Сл. Весник на РМ, бр.39/04).

Со Законот и стратешки плански документи се воспоставува одредена заштита на предел кој согласно регулативата е дефиниран како природно наследство, односно тоа се делови од природата и локалитети кои се состојат од геолошки, физичкогеографски или биолошки формации или група на такви формации, кои имаат исклучителна вредност од естетска, конзервациска или научна гледна точка. Природно наследство може да биде:

- заштитено подрачје,
- строго заштитен или заштитен див вид,
- карактеристични минерали и фосили,

- спелеолошки објекти или природна реткост.

Согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Северна Македонија и Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, просторот на предвидената меѓурегионалната депонија за комунален отпад лоцирана во Општина Свети Николе, се наоѓа надвор од граници на заштитени подрачја утврдени со Закон.

Предметниот простор се наоѓа во подрачје “Овче поле” кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.

Доколку при изработка на проектната документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата.

5.4. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18), Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16, Пречистен текст 168/17) и Закон за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16, 83/18) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Од податоците добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение - Штип со допис бр. 09-154/2 од 26.08.2021г. (преку информацискиот систем е-урбанизам) произлегува дека за предметниот опфат не постојат ниту се планираат објекти од значење за заштитата и спасувањето, а кои би можеле да имаат влијание врз предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостотелска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4. обезбедување на противпожарни пречки
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и
2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за планскиот опфат, односно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување спасување и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
